**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2020/1177 НА КОМИСИЈАТА од 7 август 2020 година**

**за изменување и дополнување на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2020/469 во врска со одложувањето на датумите на примена на одредени мерки во кои се однесуваат на COVID-19 пандемијата**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

Имајќи го предвид Договорот за функционирање на Европската унија,

Имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) Бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилно воздухопловство и за основање на Агенција на Европската унија за безбедност на воздухопловството и за изменување и дополнување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот ([1]), а особено точките (в) и (е) од член 36 (1), точки (а) и (ѓ) на член 43 (1) и член 44 (1) од истите,

Со оглед на тоа што:

(1) Воведените мерки кои се однесуваат на **COVID-19** пандемијата сериозно ја попречуваат можноста на земјите-членки и воздухопловната индустрија да се подготват за примена на голем број неодамна донесени регулативи за спроведување, во областа на безбедност во воздухопловството.

(2) Ограничувањето и промените во условите за работа и достапноста на вработените, во комбинација со дополнителниот обем на работа потребен за управување со значајните негативни последици од COVID-19 пандемијата за сите засегнати страни, ги попречуваат подготовките за примена на регулативите за имплементација.

(3) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2020/469 ([2]) на Комисијата делумно ќе се применува од 5ти ноември 2020 година. Прилагодувањето на заедничките услови за известување и условите кои се однесуваат на METAR и SNOWTAM форматот, во согласност со стандардите и препорачаните практики на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO), воведени од регулативата за спроведување, е отежнато поради недостаток на ресурси на надлежните органи и засегнатите оператори предизвикано од COVID-19 пандемијата и затоа треба да се одложи со цел надлежните органи и засегнатите страни да можат да се подготват за нивно спроведување.

(4) Европската агенција за безбедност во воздухопловството и потврди на Комисијата дека можно е одложување на примената на одредбите од рецитал 3 без при тоа да се загрози безбедноста во воздухопловството, бидејќи ќе се однесува на многу ограничен период и новите мерки имаат за цел да ги подобрат веќе постоечките одредби ефективни во согласност со постоечките стандарди и препорачани практики на ICAO.

(5) Со цел да се обезбеди непосредно олеснување за националните власти и сите засегнати страни за време на COVID-19 пандемијата и да им се дозволи да ги прилагодат своите планови за подготовка за одложена примена на односните одредби, оваа регулатива треба да стапи на сила наредниот ден по денот на објавувањето во Службениот весник на Европската унија.

(6) Мерките предвидени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот кој е основан со член 127 од Регулативата (ЕУ) 2018/1139,

([1]) CB L 212, 22.8.2018, стр. 1

([2]) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2020/469 на Комисијата од 14 февруари 2020 година за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 923/2012, Регулатива (ЕУ) бр. 139/2014 и Регулативата (ЕУ) 2017/373 во врска со барањата за управување со воздушниот сообраќај / услугите за воздухопловна навигација, проектирање на структурите на воздушниот простор и квалитетот на податоците, безбедноста на пистите и укинувањето на регулативата на Комисијата бр. 73/2010 (OJ L 104, 3.4.2020, стр. 1).

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Член 5 од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2020/469 се заменува со следново:

*"Член 5*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по објавувањето во *Службениот весник на Европска унија.*

Ќе се применува од 27 јануари 2022 година.

Следните одредби се применуваат од 12 август 2021 година:
(а) во Анекс I, точка 10 (б);
(б) во Анекс III, точка 6: Додаток 3 "SNOWTAM FORMAT".

Точката 5 од Анекс III ќе се применува од 5 ноември 2020 година, со исклучок на точката 5 (c): Додаток 1 Образец за METAR, кој ќе се применува од 12 август 2021 година.'.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила наредниот ден од објавувањето во *Службен весник на Европската унија.*

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 7 август 2020 година.

*За Комисијата*
*Претседател*
Урсула Фон Дер Лајен